ОХРИДСКА АРХЕОЛОШКА АЗБУКА

Антонио Јакимовски
Елизабета Томевска-Илиевска
Маја Јаневска
Иван Малезанов

Автори:
проф. д-р Антонио Јакимовски
проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска
м-р Маја Јаневска
м-р Иван Малезанов

Уредници:
проф. д-р Антонио Јакимовски
проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска

Рецензенти:
проф. д-р Марјан Јованов
проф. д-р Ана Фрицханд

Стручни соработници:
Паско Кузман
д-р Перо Арџанлиев

Техничко/графичко уредување:
Иван Малезанов
Designed by Freepik

Лектура:
Валентина Бачваровска

Автори:
проф. д-р Антонио Јакимовски
проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска
м-р Маја Јаневска
м-р Иван Малезанов

ОХРИДСКА АРХЕОЛОШКА АЗБУКА

- литература за деца и млади -

Охрид, 2025 година

Професорот Антонио Јакимовски е доктор по археолошки науки, редовен професор на Институтот за Историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Раководител е на Институтот за историја на уметноста и археологија. Антонио Јакимовски учествувал во повеќе од сто национални и меѓународни проекти, археолошки истражувања и ископувања, а на голем дел од нив бил и раководител. Учествувал на бројни научни симпозиуми и конференции во земјата и странство, а вклучен е во бројни активности поврзани со образованието. Автор е на десетина книги и преку 50 стручни и научни трудови публикувани во меѓународни и домашни референтни зборници и списанија.

проф. д-р Антонио Јакимовски

проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска

Професор Елизабета Томевска-Илиевска е доктор по педагошки науки, редовен професор на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Томевска-Илиевска повеќе од 20 години активно учествувала како образовен експерт и тренер во многубројни меѓународни и национални образовни програми. Покрај тоа, како образовен експерт, евалуатор и истражувач била вклучена во национални и меѓународни проекти и во бројни научни истражувања. Таа учествувала во многу активности поврзани со образовната политика во областа на основното воспитание и образование и средното стручно образование и обука, и во подобрување на јазичната писменост во раната училишна возраст. Учествувала на бројни конференции во земјата и странство. Автор и коавтор е на повеќе учебници (универзитетски и за основно образование), прирачници, научно-истражувачки публикации, статии и прирачна детска литература.

Иван Малезанов

Иван Малезанов е магистер археолог на Факултетот за хуманистички студии при Приморскиот универзитет во Копер, Република Словенија. Роден е во Охрид, каде што од мали нозе се запознава со работата на археолозите на локалитетите Плаошник, Самоилова тврдина и Антички театар. Активно учествува на бројни национални и меѓународни проекти, археолошки истражувања, обуки и семинари поврзани со културното наследство. Како еден од основачите на Здружението за заштита и одржлив развој на животната средина РЕГИОНАЛЕН ЗЕЛЕН ЦЕНТАР ОХРИД, во повеќе наврати се јавува како раководител или координатор на проектите, придонесувајќи за одржливи иницијативи во регионот.

м-р Маја Јаневска

Маја Јаневска е магистер по педагошки науки на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Вработена е како одделенски наставник во ООУ „Исмаил Ќемали“ – Чаир, Скопје. Во изминатите 20 години работното искуство го надоградувала преку посета на многу обуки, семинари и конференции. Таа била обучувач на многубројни обуки и била администратор на неколку образовни апликации. Учествувала на општински, регионални и државни натпревари како ментор, со освоени повеќе награди. Јаневска била реализатор на повеќе педагошки, мултикултурни и мултидисциплинарни проекти. Има објавено трудови во повеќе зборници и била учесник на конференции во земјата и странство. Таа е уредник на зборник на трудови од меѓународна конференција и автор на детска литература. Како истакнат стручњак од практиката изведува настава на Институтот по педагогија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Проф. д-р Марјан Јованов

Литературата за деца и млади насловена како „Охридска археолошка азбука“ е прво и единствено засега вакво дело, не само кај нас, туку и во светски рамки. Преку ова литературно дело, наменето за читателите кои штотуку ја совладале вештината на читањето, преку зборови и слики, ќе се запознаат со речиси 100 поими со кои најверојатно во нивното претходно животно искуство не се сретнале. Знаејќи ја љубопитноста на децата, кога се работи за откривање и осознавање на нови нешта, убеден сум дека „Охридската археолошка азбука“ ќе стане една од нивните омилени книги, една нивна мала енциклопедија што ќе им овозможи патување во минатото и разгорување на нивната фантазија.

Огромното археолошко богатство на Охридскиот Регион не само што дозволува да му биде посветено едно вакво дело, туку би рекол дека би било неправедно да нема посебна книга која ќе ги опфати најзначајните и уникатните артефакти и археолошки поими од овој простор. Преку оваа книга, најмладата популација ќе се запознава, а верувам и дека ќе се вљуби во непресушното културно богатство на Охрид и ќе ја разбранува фантазијата и соништата на дечињата еден ден тие да бидат археолози и проучувачи на стотиците археолошки локалитети околу Охридското Езеро.

Самиот концепт, преку три поими за секоја буква од азбуката, да се запознаат со 90 збора поврзани со археологијата и културното наследство на Охрид, само навидум е едноставен, а всушност неверојатно сложен. Да се направи вистинскиот избор на поими, да им се доближи преку нив археологијата и да се разбуди љубов кон изучување и истражување на минатото е вистински предизвик.

Авторите на ова дело многу успешно се справиле со овој предизвик, направиле одличен избор на поими, нивни кратки и прецизни толкувања, приспособени за младата популација, а сепак доволно едукативни, при што и голем број возрасни би го користеле како своевиден мал лексикон. Ефектот врз читателите дополнително го засилува богатиот илустративен материјал, технички беспрекорно обработен, а богатиот колорит и одличниот дизајн само уште повеќе ќе ја рашират детската насмевка и ќе предизвикаат восхит.

Во време кога сè повеќе сфаќаме колку негативно влијае користењето на електронските направи врз развојот на децата и младите, едно вакво дело секако ќе биде многу корисна алатка за нивна едукација и почетно четиво на животниот пат коешто несомнено е неопходно да го запознаат и да го засакаат историското, археолошкото и уметничкото наследство.

Уверен сум дека оваа литература ќе биде одлично прифатена не само од младата популација, на која првенствено ѝ е наменета, туку и од нивните родители, баби и дедовци... Охрид е непресушна ризница и како таква го заслужува детското внимание и страст, која утре ќе изнедри здрави, свесни и посветени вљубеници во археологијата и културното богатство на Охрид, Македонија и целиот свет.

„Охридска археолошка азбука“ претставува литературно дело наменето за деца од рана училишна возраст и средно детство и е прво дело од ваков вид во нашата земја. Овој податок, сам по себе, уште на почетокот ја нагласува значајноста и потребата од постоење на ова дело, кое освен својата едукативна вредност, има и големо културно-општествено значење. Структурата и концептот на „Охридска археолошка азбука“ ги следи нивните развојни карактеристики, правејќи ја лесно читливо и разбирливо четиво за децата и младите, не само од овие возрасни групи, туку и за повозрасните. Имајќи предвид дека во наведените развојни периоди се одвива мошне динамично напредување во когнитивниот домен, се интензивира и развојот на социјалното разбирање, приодот од полесно кон потешко и од познато кон непознато, којшто авторите го користат, поткрепен со соодветни фотографии и концизни објаснувања за секој наведен поим, е особено корисен за полесно и поефикасно усвојување на поимите и нивно успешно разбирање и запомнување.

Проф. д-р Ана Фрицханд

Литературното дело „Охридска археолошка азбука“ добива уште поголема важност, затоа што на едно место обработува дел од најважните археолошки поими од Охридскиот Регион, олеснувајќи им на читателите да се информираат и понатаму да го надградуваат и продлабочуваат нивниот интерес и знаења од археологијата. Археологијата е мост помеѓу сегашноста и минатото, која и покрај огромниот техничко-технолошки напредок на нашата цивилизација, сè уште крие неброени тајни и прашања што бараат одговори, обезбедувајќи ѝ го местото на пиедесталот на науките кои успешно го издржуваат тестот на времето. Читајќи ја „Охридска археолошка азбука“, самостојно или како семејна активност за заедничко квалитетно поминато време, стануваме побогати не само со нови сознанија за нашето богато културно наследство, туку и со бесценето искуство на патување низ времето, што на еден суптилен, компетентен и колоритен начин ни го овозможуваат авторите.

Особено сум почестена од можноста да бидам рецензентка на ова дело и срдечно им го препорачувам на сите заинтересирани читатели. Заслужува многу изданија и натамошни продолженија.

Издавачи:

Здружение за заштита и одржлив развој на животната средина
РЕГИОНАЛЕН ЗЕЛЕН ЦЕНТАР ОХРИД, Охрид

ISBN: 978-608-67304-1-3

Здружение Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ – СКОПЈЕ, Скопје

ISBN: 978-608-66358-5-5

Печати:
Печатница „Коста Абраш“, Охрид
Тираж:
700 примероци